Архивски број: 08-458/3

06-08-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-458/1 од 14.6.2024 година поднесена од [redacted], Тетово, против Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, за извршена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-458/1 од 14.6.2024 година поднесена од [redacted] против Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија за извршена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 14.6.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија за извршена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беше наведено образложение, односно не беа изнесени фактите и околностите врз кои подносителот ја темели претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 26.6.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот. Со барањето тој беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката во насока што ќе наведе образложение.

Бидејќи и по уредна достава на Барањето за доуредување претставката не беше доуредена во законски предвидениот рок од страна на подносителот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката заради неуредност.

Скопје
6.8.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk